Наративен извештај за февруари 2019 година

- Кабинет на Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта, Зоран Китанов

Директорот на ЈП за државни патишта во рамките на своите работни обврски го организира и раководи процесот на работењето, како и работата на претпријатието.

Во текот на месец февруари 2019 година, Директорот на ЈП за државни патишта, имаше интензивна агенда на активности, а се со цел остварување на Годишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државни патишта за 2019 година. Во остварување на агендата на Директорот на ЈП за државни патишта, активностите за овој месец започнаа со посетата на претставници од Светска Банка, Јоанис Димитропулос и Беким Имери на тема: забрзување на градежните работи со подобра ефикасност и квалитет, на патот Крива Паланка – Ранковце. Исто така се разговараше за напредокот на Системот за управување со мостови и севкупните функции на RAMS-от во ЈП за државни патишта.

Беше одржан состанок со Директорот на ЈП за државни патишта и еминентни претставници од Факултетот за електроника и информациски технологии, на тема: БИМ (градење на информатичко моделирање) софтвер, софтвер за управување со проекти, кој е интелегентен 3Д – базиран процес кој им дава на архитектите, инженерите и градежните професионалци увид и алатки за поефикасно планирање, проектирање, изградба и управување со објекти и инфраструктура.

Воедно Директорот на ЈП за државни патишта на покана од Институтот за истражувања во животна средина, градежништво и енергетика – ИЕГЕ, присуствуваше на работилница во Стопанска комора, на која беа презентирани наставна програма и наставните материјали изработени до сега во рамките на проектот BIMcert. Работилницата беше водена од Future Analytics од Даблин, одговорни за проба, ревизија и тестирање на програмата. Целта е да се утврди адекватноста на изработените материјали, земајќи ги предвид потребите на градежниот сектор, од аспект на концептот, методологијата и начинот на испорака.

Продолжија состаноците во Секретаријат за европски прашања, на која што присуствуваа Заменик претседателот на Влада на РСМ, задолжен за европски прашања Бујар Османи и Директорот на ЈП за државни патишта Зоран Китанов, на тема: Подготвена документација за Проектот: Проектирање и изградба на автопатот А4 Делница ГП Блаце – Скопје (клучка Стенковец) со вкупна должина од околу 12,5 км.

Исто така се одржаа состаноци со претставници од консултантската фирма PricewaterhouseCoopers кои го сочинуваат тим од експерти, на кој што состанок се зборуваше за главните придобивки кои се очекуваат во иднина, а тоа се: Развојот на ефикасен систем за инфраструктурно планирање, кои ќе ги зголеми ефикасноста, ефективноста и интегритетот на јавните институции одговорни за планирање, имплементација и надзор на инфраструктурни проекти.

Директорот Зоран Китанов беше гостин во телевизијата ТВ Алсат, кај новинарот Горан Теменугов, каде што се дискутираше за актуелните патиштата кои го опфаќаат западниот дел од земјава и секако главниот акцент беше ставен на автопатот Миладиновци – Свети Николе – Штип. Меѓудругото Директорот на ЈП за државни патишта, појасни околу воспоставувањето на новиот електронски систем за наплата на патарина.

Се одржаа повеќечасовни и интензивни состаноци со претставници од кинеската Ексим Банка од која се обезбедени средства со кредитна линија за изградба на автопатиштата Кичево – Охрид и Миладиновци – Свети Николе – Штип. Темата беше дополнителниот заем за проектот Кичево – Охрид, кои услови ЈП за државни патишта е потребно да ги исполни и што е се исполнето за да бидат одобрени средствата за овој проект.